ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-87/10
22.12. 2025 год
КУМАНОВО

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
НА СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ИСТОЧЕН РЕГИОН

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 и 187/13), Ценатрот за развој на Североисточниот плански регион и Центарот за развој на Источниот плански регион, на ________________ година, донесоа

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Регионален План за управување со отпад за Источниот и Североисточниот Регион,** кој го донесуваат советите на општините во **Источниот и Североисточниот Регион,** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на **Регионалниот план за управување со отпад за Источниот и Североисточниот Регион** се определуваат: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство, Министерство за транспорт и врски, Министерство за локална самоуправа, ЗЕЛС (Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија), општина Штип, општина Пробиштип, општина Кочани, општина Карбинци, општина Виница, општина Чешиново-Облешево, општина Зрновци, општина Македонска Каменица, општина Делчево, општина Пехчево, општина Берово, општина Свети Николе, општина Куманово, општина Кратово, општина Крива Паланка, општина Липково, општина Ранковце, општина Старо Нагоричане и комуналните претпријатија од регионот Здружение на комунални претпријатија-АДКОМ, Заедничкото јавно претпријатие „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“, невладини организации и независни научни организации, правни и физички лица.

3. За планскиот документ **Регионален план за управување со отпад за Источниот и Североисточниот Регион** кој го донесуваат **Советите на општините во Источниот и Североисточниот Регион**, донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијанија на предложените мерки и активности врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економската состојба, влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени, влијанија врз води, почви, влијанија поврзани со управување со отпад, влијанија врз биолошка**

ул. „Илинденска “бб. 1300, Куманово
+389 (0)31 550 115
info@northeastregion.gov.mk

ул. Ванчо Прке 119, 2 кат, 2000, Штип
+389 (0)32 386 408 +389 (0)32 386 409
eastregion@eastregion.mk

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
НА СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ИСТОЧЕН РЕГИОН

**разновидност и природно наследство, влијанија врз материјални добра, влијанија врз културно и историско наследство, влијанија од несреќи и хаварии.**

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страницата на **Министерство за животна средина и просторно планирање,** на следната адреса: **www.moepp.gov.mk** и на веб страниците на Ценатрот за развој на Североисточниот плански регион: info@northeastregion.gov.mk и Центарот за развој на Источниот плански регион: eastregion@eastregion.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-287/3
22.12.2025 год.
ШТИП

**Бр.________од _________ година**

**Младен Протиќ, директор на ЦРСИПР,**

**Трајче Здравков, директор на ЦРИПР,**

ул. „Илинденска "бб. 1300, Куманово
+389 (0)31 550 115
info@northeastregion.gov.mk

ул. Ванчо Прке 119, 2 кат, 2000, Штип
+389 (0)32 386 408 +389 (0)32 386 409
eastregion@eastregion.mk